Бр./Nr 12 - 1278/3
17 -06- 2024 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на продолжението на 6-та седница одржана на 12.06.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведенена под број 12-1278/1 од 29.03.2024 година, со наводи за повреда на индивидуално право и нанесена лична штета, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување, по пријавените наводи ДКСК веќе има постапено и донесено одлука од своја надлежност.

Предметот со број 12-1278/1 од 29.03.2024 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 29.03.2024 година, доставена е пријава-Барање на дополнителни информации, заради преземање идни дејствија на подносителот во врска за предмет број 12-3613/2 од 30.06.2022 по кој ДКСК веќе се има произнесено и има донесено Одлука од своја надлежност на својата 71-ва седница. Кон барањето доставено е дополнување заведено под број 12-1278/2 од 17.05.2024 година.

Подносителот истакнува дека за конкретниот предметен случај била водена извршна судска постапка пред Основниот суд ----------, во врска со која била донесена судска Пресуда при која што е издаден налог за извршување на побарување на сметка во банка за износ од 1/3 од неговата пензија. Посочува

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

дека со ваквото постапување му била нанесена лична штета како и повреда на индивидуалното право.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во предметниот случај пријавените наводи се однесуваат на судски пресуди и издадени налози за извршување од извршител на надлежен суд, за кои ДКСК се има веќе произнесено по предмет од истиот подносител со слични наводи и има донесено одлука од своја надлежност на својата 71-ва седница, одржана на 30.06.2022 година, со број 12-3613/2 од истиот датум.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изработил: П.Б, советник
Контролирал: Ј.Ц, раководител
Одобрил: Б.К.Ш, член на ДКСК

Доставено до:
-подносителот на пријавата